„Три ветувања“

Приказна за семејството Калеф од Белград

Училиште: HRS-NMS Lassnitzhöhe (близу Грац) – Австрија

Ученици: *20 ученици на возраст од 14 години*

Наставник: Ulrike Lackner

Прашања за размислување:

- **Дали овој филм ќе биде интересен за моите ученици?**
- **Како можам да ја поттикнам нивната мотивација?**
- **Како подобро да разберат дека оваа приказна се случила доста одамна?**

1. ВОВЕД

Наставен материјал:

- 10 **фотографии** преземени од веб страната на Centropa (учениците работат во парови). Преземените фотографии потоа се замаглуваат (со помош на алатка за уредување на фотографии)
- **Фотографиите се завиткани во тврда кафена хартија како пакет** (онака како што ги завиткала мајка и на Матилда на почетокот на војната за да ги заштити)

2.Наставникот им го покажува пакетот на учениците и тие погодуваат што има во него.

- Очекувани одговори: подарок, книга, слика, документи, **фотографии** (ако не погодат, наставникот им кажува) и ги прашува: зошто фотографиите се вака завиткани?
- Очекувани одговори: за да бидат испратени, за да се зачуваат, за да бидат некому дадени, **за да бидат сокриени**

3. Наставникот ја раскажува приказната за фотографиите (извадок од биографијата на семејството)

„Пред да си заминеме од дома, мајка ми ги скрила семејните фотографии и документите. Имавме голема среќа што ги сочувавме фотографиите благодарение на мајка ми, која беше паметна и мудра жена. Таа ги свиткала сите фотографии и документи во дебела кафена хартија. Потоа, го сместила пакетот помеѓу една греда и ќерамидите на таванот, за да го заштити. Ако преживееме и ако се вратиме дома, ќе имаме некаков доказ кои сме - деца со еврејско потекло, како и документи за имотот и за сè останато. Покрај фотографиите и документите, мајка ми таму го ставила и талитот и тефелинот на Јаков. И тоа беше сè. Успеала да ги спаси тие работи. Еден ден, по војната, барав нешто на таванот и така ги пронајдов..“

4. Наставникот го отвора пакетот

Дискусија:

Зошто повторното пронаоѓање на сопствените семејни фотографии, како што им се случило на семејството Калеф по војната, е многу поинакво искуство од пронаоѓањето фотографии на непознати луѓе, како што ќе направат учениците сега?

5. Раговор за она што би ги интересирало учениците за фотографиите?


- КОИ се луѓето на фотографијата?
- КОГА е фотографијата направена?
- КАДЕ е фотографијата направена?
- ЗОШТО е фотографијата направена?

6. Секој ученик зема по една замаглена фотографија



7. Наставникот го најавува филмот и им задава задача на учениците: Препознајте ја својата фотографија во филмот и запишете што повеќе информации за неа.





8. УЧЕНИЦИТЕ ГО ГЛЕДААТ ФИЛМОТ

http://www.centropa.org/centropa-cinema/matilda-kalef-three-promises

9. КРЕИРАЊЕ НА ВРЕМЕНСКА ЛИНИЈА

Сите ученици:

- ќе ја состават приказната за семејството Калеф, со тоа што ќе ги подредат фотографиите во хронолошки редослед и ќе ги постават на таблата, формирајќи временска линија.
- ќе се свртат со грбот кон таблата и ќе одат до спротивниот крај на училницата
- од крајот на училницата ќе се свртат повторно кон таблата и ќе ги погледнат фотографиите
- ќе прочитаат што дознале за секоја од фотографиите при гледањето на филмот и ќе го постават листот со информациите под секоја фотографија и …

ќе откријат дека замаглените фотографии стануваат многу појасни кога ги гледаме од друга перспектива и кога за нив ќе научиме нешто повеќе.

*Кога **Матилда и Бреда Калеф** ги пронашле своите фотографии по војната, тие ги гледале од **временска раздалеченост***

*Со цел добивање на појасна слика за приказната на семејството Калеф, **учениците** ги гледааат фотографиите од **просторна раздалеченост***

Очекувани коментари од учениците:

- **Кога нешто не можеш јасно да видиш, честопати не го разбираш вистинското значење**
- **Секогаш треба да се обидуваш да откриеш што повеќе за нештата, а не да судиш однапред.**
- **Откако го погледнав филмот, дознав повеќе. Потоа ги подредивме фотографиите во временска линија и кога ги погледнавме повторно од подалеку, дознавме повеќе за нив и појасно ги видовме.**